РАЗГОВОР СО ЕЛИЗАБЕТА АВРАМОВСКА

# Опасен е глобалниот нарцизам



Фото: Игор Тодоровски

*Во изложбата „Нарцизми" Елизабета учествува со два проекта - голема фотографија на авиони на подот на МСУ како рефлексија на тоа што се случува на македонското небо и интересно конципиран објект со попречни ленти, кои од едната страна го формираат ликот на Александар Македонски, а од другата на Мерлин Монро. Со ваквиот избор, Елизабета ги потврдува своите повеќедимензионални афинитети кон сликарството, графичкиот дизајн, архитектурата, фотографијата... И тука набројувањето не запира. Се занимава и со костимографија, сценографија и педагогија*

▼Во моите проекти, нарцизмот го третирам како глобален. Човечкиот род го сметам за нарцисоиден, затоа што човекот се смета себеси за врвно битие и си дозволува да прави што сака на планетава. Авионите се снимени на Стенковец '96 година и тоа се авиони за запрашување, кои, сега, во новиот контекст, добија друго значење и друга функција. Кога требаше да размислувам за „Нарцизми", идејата се совпадна со небото и со авионите, преку што сакав да ја прикажам рефлексијата.

**▲ Зошто глобалниот нарцизам го сметаш за поголем предизвик?**

▼ Па, личниот апект на нарцизмот не е толку страшен. Некогаш умее и креативно дејствува. Но, тоа не ми е од голем интерес наспроти глобалниот нарцизам, кој мислам дека е опасен. Цел овој технолошки напредок, воден од човековиот нарцизам, практично, не доведува до апокалипса, а јас сметам дека тоа не треба да биде тема на моќта на човекот. Денес, за жал, тоа се случува.

**▲Има ли во тоа твое видување учество и машко-женската поларизираност на светот?**

▼Во другиот објект, ликовите на Александар и на Мерлин ги користам зашто мислам дека и кај мажите и кај жените нарцизмот е еднакво присутен. Тој проект е минатогодишен, но, според мене, не е важно колку е стар, туку колку суштински може да се врзе со темата. Така, сметав дека во овој проект може да влезе еднакво зашто на некој начин го дотполнува оној проект со авионите околу тој глобален нарцизам. И Александар Македонски и Мерлин Монро, на некој начин, ги чувствувам како освојувачи. Едниот освојувал територии, другата освојувала срца, едниот е од времето на антиката, другата е од 20. век, а огледалото зад лентите со нивните ликови е начин да се постигне некоја интерактивност и гледачот да стане дел од експонатот. Бидејќи, секој посетител може да се види меѓу нив двајца. Излегува дека секој посетител е производ на овие двајца освојувачи, кои се сметаат себеси за врвни битија што можат да прават сè што ќе посакаат. А, тие освојувања подразбираат многу уништување.

**▲Поттекстот на оваа изложба е соочувањето на авторките со поширокиот општествен контекст. Како излегуваш на крај со времето што го живееме?**

▼Тешко. Имам кризни периоди, страдам, па, пак, се кревам. Не е баш лесно да се живее во денешно време и да се создава, особено во нашиве услови, каде што еден друг, општ, глобален нарцизам на новиот светски поредок, на една олигархија се смета за поагресивен од сите други на малите народи. Од тој аспект излегува дека сите ние сме инфериорни и не сме нарцисоидни. Но, факт е дека во таква глобална светска контрола малите народи како нас тешко успеваат, воопшто, и да го кажат своето мислење.

**▲ Дали е уметноста вистинскиот предизвик во такви услови на немоќ?**

▼ Единствено нешто што може да се стори е во културата. Затоа и сметам дека мора да се учествува на сите меѓународни културни манифестации. Венецијанското биенале, на пример, не е само културна манифестација, поточно, најмалку е културна, а многу повеќе е политичка.

**▲Дали е тој контекст мотивирачки за создавање уметност?**

▼ Минатата година бев три месеца во Виена и сфатив дека западниот свет е крајно декадентен. Тие немаат вистински проблеми, па затоа си ги измислуваат. Еден нивен уметник, Херман Нич, на пример, кој има огромен замок во близината на Виена, коле животни пред елитната јавност. Неговиот перформанс беше од строго затворен тип и пред очите на толку луѓе и пред едно чудо камери закла еден убав вол. Волот прво го парализираше со игла во 'рбетот, па му ја исече вратната жила, па 70 протагонисти на перформансот мастурбираа со неговата внатрешнина, се маваа со внатрешните органи на волот... Беше одвратно. А, тие тоа го сметаат за врвна уметност. Крајна декаденција. Ние, пак, вистина си имаме проблеми, вистински проблеми. И авторите се вистински мотивирани зашто се длабоко допрени. Тоа не е исфорсирано.

**▲Постои ли некоја граница по која проблемите и конфликтите престануваат да бидат уметничка мотивација?**

▼Ако нема елементарни услови за живот, тука е крај на сè. Потребата за уметност гасне. А, тоа се обидуваат да ни го направат.

**▲На крајот, значи ли интересот за фотографијата и за колажот, кои често се присутни во твоето творештво, исцрпеност на сликарскиот порив?**

▼ Не. Сликарството и фотографијата се два различни медиума. Сакам да сликам кога немам во главата ништо друго како обврска. Не сакам да го вулгаризирам сликарството. Фотографијата, пак, има друга провокација. Има моменти што не можеш да ги фатиш со четка. Моменти, кои може само фотографијата или камерата да ги улови.

**Ј.Ф.**